Весна ДИМИТРИЕВСКА

# ОБЕМ И ДВИЖЕЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДИЛИНКВЕНЦИЈА ВО СКОПЈЕ

## Вовед

Секое општество што мисли на својата иднина, на својата перспектива и развој, што сака да ја сочува културата и националната традиција, создадените вредности и добра, се потпира врз тоа што ја продолжува неговата егзистенција врз младата генерација.

Секое општество настојува да има "добра и надежна младина", притоа создавајќи услови за нејзин правилен развој, образувајќи ја и воспитувајќи врз сопствените вредности, идеали и политички платформи.

Наспроти желбите и настојувањата да се има "добра и надежна младина", гледано и оценето преку анализата на статистичките податоци, состојбата воопшто во светот, а во тој контекс и кај нас, е загрижувачка. Имено, забележливо е постојано зголемување на вкупниот криминалитет, вклучувајќи го и учеството на младината.

Како младинци обично се сметаат лицата што се меѓу четиринаесеттата и осумнаесеттата година од животот. Тоа е возраст во која кај таквите лица се јавуваат внатрешни процеси што доведуваат до разни ексцеси. Тие најчесто се способни да одлучуваат и расудуваат за своите постапки, но тоа одлучување и расудување сеуште е незрело и најчесто е одраз на една несредена душевна состојба. Познато е дека малолетството е време на формирање на човекот како личност, време исполнето со мошне различни и мошне силни физиолошки и психолошки бури. Оттаму и вршењето на недозволени општествени поведенија не е исклучено.

Современиот развој на општеството, што се карактеризира со голем продор на нови научни сознанија и откритија, придонесува младата генерација за многу кус временски период да доживее такви промени во начинот на живеењето и мислењето какви што не доживеала скоро ниту една претходна генерација. Таа појава е особено изразена во нашата држава, по распаѓањето на Југославија, изострената економска и политичка криза, војната во некои поранешни републики од Југославија, ембаргото врз Македонија, трансформацијата на целокупното стопанство во државата опфатено со процесот на приватизација, сè почестите социјални тензии и слично. Новонастаната состојба особено

придонесува за нарушување на постојниот вредносен систем. Адаптацијата на новонастанатите услови се остварува со потешкотии, лични проблеми, промени во менталитетот, начинот на живеење и слично, што води кон тоа разрешувањето на конфликтните ситуации во кои би се нашла личноста да резултираат и однесувања кои се спротивни со обичаите и нормите што важеле порано. [1)]

Во такви услови е логично да се очекува зголемување на криминалитетот, а во тој домен да се зголемат пореметувањата во општественото однесување на децата и младинците.

За оваа појава, пореметување во општественото однесување на децата и младите, во литературата и практиката се употребуваат различни термини (воспитна запуштеност, воспитна занемареност, малолетничко престапништво, атипично однесување, малолетничка делинквенција и сл.), при што најразлично се сфаќа нивната појмовна содржина.

Во понатамошното излагање ќе го користиме поимот општествена делинквенција кој чиниме е најсоодветен за потребите на ова излагање.

Денес најчесто во сите земји се предлага прецизно законско дефинирање на малолетничката делинквенција. Имено, се смета дека не е можно да се даде универзална дефиниција која подеднакво би важела за сите земји.

Кога зборуваме за малолетничка делинквенција кај нас, пред сè мислиме на општествено несаканите однесувања на младите кои се манифестираат во вид на прекршување на општествените норми, било да се санкционирани со Законот за прекршоци или со Кривичниот закон. Не ги заборавамe и оние конфликти на младите со околината кои не се правно санкционирани, но конфликтот е таков што може да придонесе за престапништво штетно за младиот човек и за околината. [2)]

**Појава, обем и движење на малолетничката делинквенција во Скопје**

Веќе неколку години малолетничката делинквенција претставува посебен проблем, при што се вклучени повеќе механизми за нејзиното спречување. Таа покажува значајно учество во вкупниот криминалитет, има брза динамика и пораст, изразувајќи се понекогаш и низ тешки и опасни облици на напади врз општествените вредности и добра, како и врз животот на човекот. Малолетничката делинквенција е значајна и по тоа што раното делинквентно однесување покажува висок степен на корелација со подоцнежното поведение на значителен број сторители на кривични дела, кои криминалната кариера ја започнале како малолетници.

---

1) Денес не се така ретки примерите кога ги одобруваме постапките на лицата кои не се однесуваат во согласност со постојните норми на однесување. Често за лицето кое стекнало голема материјална корист (на недозволен начин) велиме - "тој е способен".

2)Бегање од дома, бегање од училиште, насилничко однесување, предизвикување и учество во тепачки, дружење со делинквентни групи, манифестирање социопатолошки однесувања: консумирање големи количества алкохол, употреба на наркотични средства, скитничење, проституција и слично.

Според податоците на ГУВР, малолетничката делинквенција во Скопје зазема околу 1/3 од вкупниот број сторители, а последниве години бележи поизразено зголемување. Истиот тренд продолжува и во 1993 година и притоа од вкупно расчистените дела од општ криминалитет, на малолетниците отпаѓа 29,7% од делата и 35% кај сторителите. Зголемувањето во однос на претходната година не е големо (26,6% кај делата и 30,2% кај лицата), но и понатаму претставува сериозен проблем не само поради зголемувањето, туку и поради начинот на делувањето на малолетниците кои во ништо не се разликуваат од делата на полнолетните сторители.

Податоците укажуваат дека без оглед на вкупниот број извршени кривични дела и вкупниот број пријавени лица, учеството на малолетниците и децата во вкупниот број откриени сторители изнесува околу 30% (табела 1)

Табела 1

БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА, ПРИЈАВЕНИ ИЗВРШИТЕЛИ И ПРИЈАВЕНИ МАЛОЛЕТНИЦИ И ДЕЦА

| Година | Вкуп.криви.дел од општ.крими. | Вкупно приј. лица | Пријав. мал. и деца | Проц.учест. на малол. |
|---|---|---|---|---|
| 1988 | 4895 | 4141 | 1054 | 25,4% |
| 1989 | 5372 | 4027 | 1220 | 30,2% |
| 1990 | 5143 | 4017 | 1309 | 32,5% |
| 1991 | 6425 | 3764 | 1217 | 32,3% |
| 1992 | 9783 | 5611 | 1736 | 31,0% |

Извор: Статистичко одделение при МВР

За појасно согледување на фактичката сотојба за појавата и обемот на малолетничката делинквенција во Скопје ќе ги користиме податоците од Центарот за социјална работа на општините во град Скопје. Во информацијата се опфатени малолетните делинкventи до четиринаесетогодишна возраст - кривично неодговорни и над четиринаесетогодишна возраст - кривично одговорни. За истите во 1993 година се поднесени вкупно 1788 кривични пријави за сторени кривични дела, или за малолетници до 14 години 20,2% (361), а за малолетници над 14 години 79,8% (1427) кривични пријави. Состојбата е прикажана во табелите 2, 2а, 3 и 3а.

Табела 2

МАЛОЛЕТНИ ДЕЛИНКВЕНТИ ДО 14 ГОДИНИ-КРИВИЧНО НЕОДГОВОРНИ

| | | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број | | 55 | 81 | 111 | 49 | 56 | 352 |
| Број на сторени кривични дела | | 114 | 120 | 167 | 163 | 334 | 798 |
| Пол: | машки | 54 | 77 | 104 | 49 | 54 | 338 |
| | женски | 1 | 4 | 7 | / | 2 | 14 |
| Возраст | до 10 години | 19 | 15 | 12 | 11 | 14 | 71 |
| | од 10 до 12 години | 12 | 19 | 20 | 16 | 17 | 84 |
| | од 12 до 14 години | 24 | 47 | 79 | 22 | 25 | 197 |
| Посетува настава | | 27 | 74 | 55 | 36 | 44 | 236 |
| Не посетува настава | | 28 | 2 | 2 | 13 | 12 | 57 |

Извор: Статистичко одделение при Центарот за социјална работа на град Скопје

Табела 2а

СТАТУС НА СЕМЕЈСТВОТО

| | | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потполни семејства | | 47 | 36 | 27 | 36 | 43 | 189 |
| Непотполни семејства | | 8 | 11 | 20 | 13 | 13 | 65 |
| Поволни мат. услови | | 46 | 31 | 48 | 26 | 33 | 184 |
| Неповолни мат. услови | | 9 | 14 | 9 | 23 | 23 | 78 |
| Станбени услови: | добри | 5 | 18 | 33 | 17 | 29 | 102 |
| | средни | 43 | 21 | 25 | 20 | 10 | 119 |
| | лоши | 8 | 6 | 1 | 13 | 17 | 45 |

Извор: Статистичко одделение при Центарот за социјална работа на град Скопје

Табела 3

## МАЛОЛЕТНИ ДЕЛИНКВЕНТИ НАД 14 ГОДИНИ-КРИВИЧНО ОДГОВОРНИ

| | | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број | | 201 | 194 | 280 | 170 | 210 | 1055 |
| Број на сторени кривични дела | | 608 | 657 | 854 | 1062 | 1316 | 4497 |
| Пол: | машки | 195 | 191 | 274 | 165 | 196 | 1021 |
| | женски | 6 | 3 | 6 | 5 | 14 | 34 |
| Возраст: | | | | | | | |
| | од 14-16 год. | 41 | 49 | 115 | 82 | 47 | 344 |
| | од 16-18 год. | 89 | 97 | 138 | 95 | 107 | 526 |
| | над 18 год. | 12 | 58 | 23 | 18 | 74 | 185 |
| Посетува настава | | 76 | 106 | 200 | 103 | 107 | 592 |
| Не посетува наст. | | 125 | 88 | 80 | 67 | 103 | 463 |
| Изречени воспитни и заводски мерки | | 159 | 135 | 197 | 130 | 173 | 794 |
| Запрени постапки и без судски решенија | | 42 | 59 | 83 | 40 | 37 | 261 |

Извор: Статистичко одделение при Центарот за социјална работа на град Скопје

Табела 3а

## СТАТУС НА СЕМЕЈСТВОТО

| | | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потполни семејства | | 166 | 144 | 209 | 140 | 173 | 832 |
| Непотполни семејства | | 30 | 22 | 34 | 30 | 37 | 153 |
| Поволни мат. услови | | 149 | 116 | 209 | 90 | 166 | 760 |
| Неповолни мат. услови | | 47 | 78 | 329 | 80 | 44 | 281 |
| Станбени услови: | добри | 42 | 87 | 201 | 60 | 80 | 544 |
| | средни | 107 | 75 | 56 | 72 | 34 | 344 |
| | лоши | 47 | 15 | 21 | 38 | 22 | 143 |

Извор: Статистичко одделение при Центарот за социјална работа на град Скопје

Анализирајќи ги прикажаните податоци може да се констатира:

- Појавата е присутна во сите општини;

-Карактеристично е тоа што кај малолетниците кривично неодговорни е симната границата кон помала возраст. Вкупниот број малолетници кривично неодговорни, во однос на 1992 година е скоро на исто ниво загрижувачки е податокот што е зголемен бројот на кривичните дела. Кај малолетниците кривично одговорни е забележлив благ пораст во однос на претходната година;

- Појавата е особено изразена кај машките лица;

- Оваа категорија млади лица потекнува претежно од потполни семејства;

- Сé почесто се јавуваат во организирани облици, за што говорат и посебните "жаришта" во Скопје[3].

- Образовната структура на оваа категорија млади луѓе е незадоволителна. Тоа се лица кои имаат лоши работни навики и негативен однос кон своето образование. Најголем е бројот на престапниците кои имаат завршено основно, а го прекинале понатамошното образование. Оваа појава е особено карактеристична за одделни средини во општините Г.Баба, Центар и Чаир. Во наведените средини има голем дел од оваа категорија млади луѓе кои го прекинале своето образование и се ангажирале во земјоделството, кај приватни работодавачи или се занимаваат со недозволена трговија. Оваа појава е особено изразена кај младите лица од албанска и ромска националност[4]. Образовното и културното ниво на нивните родители е ниско. Поголемиот дел од нивните родители се без образование, при што интересот за школување на нивните деца е незадоволителен.

Иста е состојбата и со малолетниците од ромска националност. Овие лица во најголема мерка немаат завршено ниту основно училиште. Социо-културната припадност на нивните родители е крајно незадоволителна. Невработени, претежно неписмени и двата родители, крајно лоши услови за живеење, лоша материјална ситуираност.

Кај малолетниците од македонска националност, особено во последните години, е изразена појавата (девијантно однесување) во прва и втора година на средно училиште. Тоа се ученици кои покажувале

---

[3] Во општините на градот, во одделни месни заедници и месни канцеларии се јавуваат "жаришта" во однос на оваа социопатолошка појава и тоа:

- Општина Гази Баба: с. Арачиново, н. Сингелиќ, с.Сингелиќ, Хиподром, Автокоманда, Маџари и слично;

- Општина Карпош: Сарај и околината, Волково и околината, Кондово и околината, Ѓ. Петров и слично;

- Општина К. Вода: н. К. Вода, н. Јане Сандански, н. Вардар, н. Драчево и слично;

- Општина Центар: Братство единство, Никола Карев, Бајрам Шабани, и слично;

- Општина Чаир: Шуто Оризари, Васко Карангелески, Васил Главинов, Ферид Бајрам и слично.

4) Во општина Центар се регистрирании 102 лица како престапници, од нив 53 лица од албанска националност. Особено е загрижувачки податокот што само 5 лица од оваа националност не се рецидивисти. Оваа популација најчесто има завршено само основно училиште, бидејќи тоа е задолжително и повеќе не го продолжиле образованието.

добар или многу добар успех во основното училиште, меѓутоа со запишувањето во средното училиште тие покажуваат недоволен успех, почесто бегаат од часови, односно сè почесто девијантно се однесуваат. Образовно-културната припадност на нивните родители е задоволителна. Вработени претежно двата родители, во просек со завршено средно училиште, со решено станбено прашање и слично.

Но, не изостанува и категоријата млади лица кои живеат во лоши услови, со нарушена семејна хармонија, каде парите се основен проблем.

Малолетничката делинквенција, исто така е тесно поврзано и со другите општествено негативни појави, како: скитање или питачење на деца или малолетници, проституирање, консумирање големи количества алкохол и зависности од дроги или психотропни супстанции. За одбележување е дека уживањето опојни дроги во градот зема сè поголем замав, а според сознанијата една четвртина од уживателите се малолетници. Моментно, во градот наркоманијата е многу раширена појава, а што е уште поопасно таа е сè поприсутна кај средношколците.

**Заклучни согледувања**

Изнесените податоци упатуваат на заклучокот дека младата генерација недоволно, или неправилно се воспитува и усмерува, што доведува до сознание дека во општеството нешто не е во ред во односот кон младата генерација. Токму затоа се чини нужно општеството да му посвети посериозно внимание на овој проблем, преку поефикасното превентивно делување, односно предупредувањето како и невременото давање заштита и помош на младите, особено на делинквентите. Зајакнатата контрола и поизразените воспитни мерки во семејството, изнаоѓањето посоодветни средства и методи во училиштата се битни за намалувањето на расчекорот помеѓу образованието и воспитното делување, како и поголемата ангажираност на младите во воннаставните активности.

Иако е беззначајно да се докажува дека научно-техничкиот напредок е значаен услов за општествениот прогрес, кај оваа категорија млади лица не постои никаков интерес. Општеството преку своите механизми, токму тука би требало да посвети посебно внимание.

Весниците, радиото, телевизијата и останатите средства за масовна комуникација и покрај тоа што секојдневно претставуваат неразделна компонента на современиот живот, за оваа категорија млади влијанието на овие медиуми се рефлектира негативно. Воспоставената мрежа на средствата за масовна комуникација емитува многу содржини, при што не е основен проблем достапноста, туку исправната селекција на информациите, изборот на содржините кои одговараат на младите. Со оглед на тоа што овие медиуми располагаат со разновидни содржини од сите краеви на светот, од разни вредносни системи, многу од нив со својата атрактивност и заводливост ги доведуваат младите во дилема и

недоумица (особено оваа популација - малолетни делинквенти). Голем придонес има телевизијата со неускладените термини на емитување на одделни содржини и сè поголемата присутност на насилството, агресијата, криминалните филмови, акционите филмови и слично. Овие медиуми како да заборавaат дека не се само "прозорец кон светот" туку и значаен социјален чинител.

Посебен проблем кај малолетничката делинквенција претставува повторништвото. Токму тука би требало да се делува ефикасно, во смисла на рано преземање соодветни и адекватни мерки, оневозможување престапниците да продолжат со своите недозволени однесувања.

Поефикасно спроведување на соодветните мерки, особено кога се укажува потреба од сместување во воспитни установи. Друг значаен момент на кој треба да му се пристапи сериозно, во смисла на намалување тврдување на мотивите и разрешувањето на истите во сè почестото бегање од поправните установи.

Vesna DIMITRIEVSKA

**SIZE AND MOTION OF THE JUVENILE DELINQUENCY IN SKOPJE**

**(Summary)**

Juvenile delinquency in the recent years is in constant rise. The percentage participation of the juvenile delinquency in Skopje in relation with the total number of offenders comes out to around 30%.

This phenomenon is particulary signified with the male population. Caracteristic for this group of people (offenders) is their negative atitude towards the education and bad working habits. They give them selves up to criminal activityes in early childhood, and most often they come in organized groups. In most cases they commit crime again (socalled recedivists).

Especialy worrying is the fact that in the last few years there is tehdecy of growing the number of young people who enjoy narcotig drugs. This phenomenon is srecialy present with the hightscool youngsters (youth) in Skopje.

The situation is becoming alarming considering the growing number of cases. Undoubtedly deserves bigger and more serious attention by the Society in order to overcome or just soothe this major problem.